**20241392410**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 113 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19, 236/22 и 134/24) и член 6 став (1) од Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/18), постапувајќи по барањето за сертификација на Операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, Joint Stock Company for performing energy activity natural gas transmission NOMAGAS Skopje in State Ownership, бр.01-4084 од 29 септември 2023 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија под број 11-2075/1 од 2 октомври 2023 година, како и дополнителната документација бр.11-2075/4 од 29 декември 2023 година, а имајќи го предвид мислењето бр. 1/24 од 21 мај 2024, за сертификацијата на НОМАГАС доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 1/24 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No 715/2009 and Article 10(6) of Directive 2009/73/EC – Republic of North Macedonia – Certification of NOMAGAS), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јули 2024 година донесе

**ОДЛУКА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОПЕРАТОР НА СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, Joint Stock Company for performing energy activity natural gas transmission NOMAGAS Skopje in State Ownership, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.54 Скопје, со ЕМБС: 7649401, којшто ја врши енергетската дејност пренос на природен гас, ги исполнува пропишаните услови за сертификација за оператор на системот за пренос на природен гас и се назначува за оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува назначениот оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија на секои шест месеци да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за:

2.1 текот на постапките пред Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија за упис на правото на сопственост на недвижностите преку кои ја врши дејноста и

2.2 преземените активности поврзани со постапката за одвојување на функцијата на операторот на пазар во посебно друштво кое ќе ги врши работите што се однесуваат на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", како и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на која се објавува и мислењето бр. 1/24 од 21 мај 2024, за сертификацијата на НОМАГАС доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 1/24 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No 715/2009 and Article 10(6) of Directive 2009/73/EC – Republic of North Macedonia – Certification of NOMAGAS).

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 11-1255/1
4 јули 2024 година
Скопје